функционираат стереотипите и предрасудите.Оваа активност е особено важна за воспоставување врски помеѓу различните генерации на права (граѓански / политички и социјални / економски / културни права) и пристапот до нив.
Проблемите со сиромаштијата и социјалната исклученост не се проблем само на формалните права - иако последниве, исто така, постојат за бегалците и барателите на азил. Проблемот е често прашање како до ефективен пристап до тие права.

## Варијации

Оваа прва варијација додава дополнителна димензија на симболиката на нееднаквоста. Потребна ви е долга хартиена лента што лесно ќе се скине. Кога учесниците ќе се редат на почетокот, одете по линијата, одмотувајќи ја лентата додека одите. Како што поминувате, секоја личност ја фаќа лентата, така што сите завршуваат „споени“ заедно на лентата. Кога ќе дојде моментот да се направи чекор напред, некои учесници ќе се соочат со дилемата дали да се движат или не за да не ја скинат лентата. Исто така, можеби оние што останаа во место ќе ги обвинуваат другите за кинење на лентата. Затоа може да биде потребно да се потсетат луѓето на правилото дека „секој пат кога ќе можат да одговорат„ да“ на изјавата, треба да направат чекор напред. Во спротивно, треба да останат во место и да не се движат."



Втора варијација: Играјте го првиот круг како што е опишан, а потоа играјте втор круг што има потенцијал да открие понекогаш потценети компетенции. Учесниците ги задржуваат истите улоги. Во вториот круг, прочитајте изјави што претходно сте ги подготвиле и кои се фокусираат на предностите што може да ги имаат луѓето во загрозена положба, токму поради нивната ситуација. На пример:

- Зборувате повеќе од два јазика и ги користите секој ден.
- Ја надминавте личната физичка или ментална попреченост, што ви даде самодоверба и внатрешна сила да се справите ако останете невработени.
- Страдате од крајно заболување и подобро од другите ја знаете вредноста на животот.
- Воспитани сте во далечно село и имате длабоко разбирање за еколошката криза со која
- се соочува светот како резултат на климатските промени.
- Вие знаете како да живеете со мал буџет и каде да ги најдете најдобрите поволни цени.

Можете да го прилагодите овој метод за да ги потенцирате нееднаквостите во многу други области што ги загрижуваат, на пример во пристапот до вода, учеството во политичкиот или општествениот живот или родовите прашања. Ако се фокусирате на друго прашање, тогаш ќе мора да развиете различни улоги и изјави. Притоа, бидете свесни за потенцијално чувствителните улоги и изјави.

Еден начин да добиете повеќе идеи и да го продлабочите разбирањето на учесниците е да работите прво во мали групи, а потоа да ги замолите да ги споделат своите идеи на пленарна седница. Во тој случај, ќе ви требаат помошници. Испробајте го овој метод по вториот дел од разговорот - откако ќе се открие секоја улога - во помали групи. Замолете ги учесниците да истражат кој во нивното општество има помалку, а кој има повеќе, шанси или можности и кои се првите чекори што може и треба да се преземат за да се решат нееднаквостите.
Алтернативно, замолете ги луѓето да земат еден од ликовите и прашајте што може да се направи, т.е. какви должности и одговорности имаат тие самите, заедницата и владата кон оваа личност.

## Предлози за проследување

Во зависност од социјалниот контекст каде што работите, можеби ќе сакате да ги поканите претставници од групи за застапување на одредени културни или социјални малцинства за да разговараат со групата. Дознајте од нив за кои прашања се борат во моментов и како вие и младите можете да помогнете.

## Идеи за акција

Искористете ги идеите од проследувањето. Следете како вие и младите можете да им помогнете на групите и организациите кои работат со културни или социјални малцинства и претворете ги идеите во пракса.

## Материјали

### Картичка со улоги

| | |
|---|---|
| Вие сте пензиониран работник од фабрика што прави чевли. | Вие сте претседател на партиско-политичка младинска организација (чијашто „мајка“ партија е сега на власт). |
| Вие сте 17-годишна девојка Ромка (Циганка) која никогаш не завршила основно училиште | Вие сте ќерка на управителот на локалната банка. Студиратеекономија на универзитет. |
| Вие сте млад човек со посебни потреби кој може да се движи само во инвалидска количка. | Вие сте арапско муслиманско девојче кое живее со вашите родители кои се побожни религиозни луѓе. |
| Вие сте ќерка на американскиот амбасадор во земјата во која сега живеете. | Вие сте невработен дипломиран студент и ја чекате првата можност за работа. |
| Вие сте ХИВ позитивна проститутка на средна возраст. | Вие сте војник во армија, извршувајќи задолжителна воена служба. |
| Вие сте девојка на млад уметник кој е зависник од хероин. | Вие сте сопственик на успешна компанија за увоз-извоз. |
| Вие сте моден модел со африканско потекло. | Вие сте син на кинески имигрант кој води успешен бизнис собрзахрана. |
| Вие сте 22-годишна лезбејка. | Вие сте нелегален имигрант од Мали. |
| Вие сте невработена самохрана мајка. | Вие сте бездомник, 27 години. |
| Вие сте 19-годишен син на земјоделец во далечно село во планините. | Виесте 24-годишенбегалецод Авганистан. |

## Ситуации и настани

Прочитајте ги следниве ситуации на глас. Оставете малку време откако ќе ја прочитате секоја ситуација, да можат учесниците да исчекорат напред и да погледнат колку далеку се движеле според другите.

- Никогаш не сте наишле на сериозни финансиски потешкотии.
- Имате пристојно домување со телефон и телевизија.
- Чувствувате дека вашиот јазик, религија и култура се почитувани во општеството во кое живеете.
- Чувствувате дека вашето мислење за социјални и политички прашања е важно и дека се слушаат вашите ставови. • Други луѓе ве консултираат за различни прашања.
- Не се плашите да ве запре полицијата.
- Знаете каде да се обратите за совет и помош ако ви затреба.
- Никогаш не сте се чувствувале дискриминирани поради вашето потекло.
- Имате соодветна социјална и медицинска заштита за вашите потреби.
- Може да одите на годишен одмор еднаш годишно.
- Можете да ги поканите пријателите дома на вечера .
- Имате интересен живот и позитивно размислувате за својата иднина.
- Чувствувате дека можете да студирате и да ја следите професијата по ваш избор.
- Не се плашите дека ќе ве вознемируваат или напаѓаат на улица или во медиумите.
- Можете да гласате на државни и локални избори.
- Можете да ги прославите најважните верски фестивали со вашите роднини и блиски пријатели.
- Може да учествувате на меѓународен семинар во странство.
- Може да одите во кино или театар барем еднаш неделно.
- Не се плашите за иднината на вашите деца.
- Можете да купите нова облека најмалку еднаш на секои три месеци.
- Може да се за вљубите во личноста по ваш избор
- Чувствувате дека вашата способност е ценета и почитувана во општеството во кое живеете.
- Можете да користите интернет и да имате корист од него.
- Не се плашите од последиците од климатските промени.
- Можете слободно да користите која било страница на Интернет без страв од цензура.

Прв Скопски Извиднички Одред

# Да зборуваме за секс!

Да зборуваме за секс, да зборуваме за мене и тебе.

# Да зборуваме засекс!

Да зборуваме за секс, да зборуваме за мене и тебе.

**Сложеност**

Ниво 4

**Време**

60 минути

**Големина на група**

10 - 15

**Теми**

- Дискриминација и нетолеранција
- Здравје
- Пол

**Преглед**

Оваа активност ја користи техниката „аквариум“ за да ги истражи ставовите кон сексуалноста, вклучително и хомофобијата.

**Поврзани права**

- Право на еднаквост
- Слобода од дискриминација
- Слободи на изразување и здружување

**Цели**

- Да се прошири разбирањето за прашања и права поврзани со сексуалност и сексуален идентитет
- Да се развие самодоверба з ада се искаже сопственото мислење за разновидност во сексуалните преференции
- Да се промовира толеранција и емпатија кон другите коисе различни

**Материјали**

- 3 столови
- 2 модератори (пожелно)
- Доволно простор задаседвижат учесниците
- Табла или картони и маркери
- Мали ливчиња хартија и пенкала
- Капа

Пол

Здравје

Дискриминација и нетолеранција

Ниво 4

60 минути

10 - 15

**Подготовка**

- Бидете свесни дека за многу луѓе - особено за младите
- Сексуалноста е многу лично и чувствително прашање! Бидете подготвени да ја прилагодите или методологијата или темата или обете!
- Идентификувајте неколку познати луѓе кои биле отворено говореле за нивната сексуалност, вклучувајќи хетеросексуални и хомосексуални, бисексуални и трансродови мажи и жени.

## Инструкции

1. Претставете ја сцената. Објаснете дека, иако повеќето луѓе ја сметаат сексуалноста како приватна работа, правото да не бидат дискриминирани поради сексуална ориентација е основно човеково право и е заштитено со законодавството во повеќето европски земји. Оваа активност е добра можност да се истражат ставовите кон сексуалноста и особено кон хомосексуалноста и хетеросексуалноста. Потоа загревајте се со сесија за идеи на познати луѓе кои биле отворени за нивната сексуалност.
2. Поделете ливчиња и пенкала и замолете ги учесниците да ги запишат сите прашања што ги имаат во врска со хомосексуалноста или сексуалноста воопшто, па да ги стават ливчињата во капата. Прашањата треба да се анонимни.
3. Објаснете дека оваа активност се однесува на истражување на ставовите кон сексуалноста, а особено кон хомосексуалноста. Секој може слободно да ги изрази мислења што можат да бидат конвенционални или неконвенционални, контроверзни или кои ги оспоруваат нормите на нивното општество. Учесниците можат да презентираат гледишта со кои се согласуваат или со кои не се согласуваат без страв од потсмев или презир.
4. Наместете ги трите стола во форма на полукруг пред групата. Овие се за тројцата разговорници кои се наоѓаат во „аквариумот“. Остатокот од групата е публика.
5. Објаснете дека ќе започнете со покана кои двајца волонтери да ви се придружат во разговор во „аквариумот“. Ако во кој било момент некој друг би сакал да ви се придружи, тогаш може да го стори тоа, но бидејќи во садот има место само за три риби во исто време, некој ќе мора да се замени. Некој што сака да се приклучи на разговорот треба да се појави напред и нежно да допре еден од „разговорниците“ на рамото. Овие две лица разменуваат места и првиот „разговорник“ оди во публика.

6. Секој е добредојден да истапи и да ги искаже своите мислења, но исто така може да изрази мислења кои не се нивни. На овој начин може да се емитуваат гледишта кои се контроверзни, „политички неправилни“ или незамисливи, а темата темелно се дискутира од многу различни перспективи. Нагласете дека н авредливите или негативни коментари, насочени кон поединци во групата, не се дозволени.

7. Побарајте волонтер да земе прашање од капата и започнете да дискутирате за тоа прашање. Оставете дискусијата да трае додека учесниците не ја исцрпат темата или додека не почнат да се повторуваат идеите.

8. Потоа побарајте уште тројца волонтери да започнат дискусија за друго прашање според истите правила како со првиот круг.

9. Дискутирајте за колку прашања имате време. Пред конечно да продолжите со разговорот и евалуацијата, направете кратка пауза за да им овозможите време на луѓето да излезат од „аквариумот“. Ова е особено важно ако дискусијата била жестока и контроверзна.

## Разговор и евалуација

Започнете со краток преглед за тоа како луѓето се чувствувале и внатре и надвор од „аквариумот“, а потоа продолжете да разговарате за различните изразени ставови, а на крај разговарајте за тоа што научиле учесниците од оваа активност:

• Дали некој беше шокиран или изненаден од некои изразени гледишта? Кои? Зошто?

• Колку слободоумно размислуваат луѓето во вашата заедница за сексуалноста?

• Дали заедницата очекува од младите да се согласуваат со специфичните сексуални ориентации и улоги? Кои?



• Како се перципираат и третираат луѓето (млади) кои не сложуваат во овие очекувања?

• Дали некои групи се поотворени од други? Зошто?

• Кои сили ја водат насоката при развојот на нашата сексуалност?

• Од каде ги црпат луѓето вредностите за сексуалноста?

• Дали ставовите на учесниците во врска со сексуалноста се разликуваат од ставовите на нивните родители и баби и дедовци? Ако да, како се разликуваат? Зошто?

Дали има закони во вашата земја што забрануваат сексуални односи помеѓу согласни возрасни личности? Ако да, што забрануваат законите? Зошто постојат? Разумни ли се?

Членот 16 од УДЧП вели: „Мажите и жените во полнолетство, без никакво ограничување поради раса, националност или религија, имаат право да стапат во брак и да основаат семејство“. Зошто „сексуалната ориентација“ не е вклучена во списокот заедно со „раса, националност или религија“? Треба ли да биде?

• Во некои земји, законите и социјалниот притисок се косат со човековите права на поединецот за почитување и достоинство, за вљубување во личност по свој избор, слободно склучување брак, итн. Како можат да се решат ваквите конфликти?

## Совети за модераторот

Бидете свесни за социјалниот контекст во кој работите и прилагодите ја активноста. Целта на оваа активност е да им овозможи на учесниците да размислуваат за сопствената сексуалност и нормите на нивното општество и да ги охрабри да имаат самодоверба да го искажат своето гледиште притоа покажувајќи толеранција кон луѓето со различни ставови.Целта не е да се убедат луѓето од една или друга гледна точка, ниту пак се донесе одлука за консензус.

Пред да ја почнете активноста, препорачано е да се подготвите со читање на основните информации за половите. Размислете кои теми може да проникнат. Некои најчесто поставувани прашања се:

• Што е хомосексуалност? Кои се разликите помеѓу хетеросексуалните, геј, лезбејките, бисексуалците и транс сексуалците?

• Дали хомосексуалноста е болест?

• Како се станува геј или лезбејка?

• Што е со ризикот од СИДА?

• Во некои земји хомосексуалноста е прифатена и хомосексуалците можат да стапат во брак, но во други тоа се казнува со смрт.



Исто така, важно е за вас како модератори да размислите за вашите сопствени вредности и убедувања за тоа што е вистинско за вас, за вашите семејства, за другите и да запомните дека овие вредности ќе се одразат во сè што правите и кажувате, дури и во она што не го правите или кажувате. Клучно е да ги признаете вашите сопствени вредности и предрасуди и да го разберете потеклото на тие вредности со цел учесниците да развијат увид во потеклото на нивните сопствени вредности.

Целта на сесијата е со идеи за познати луѓе кои биле отворени за нивната сексуалност да ги охрабри самите учесници да бидат отворени во врска со дискусијата за сексуалноста. Исто така, таа сесија нуди можност да се разјаснат поимите како геј и лезбејка, хомосексуалец, хетеросексуалец, бисексуалец и транссексуалец.

Вашата улога во активноста е клучна во поставувањето на општиот тон. Еден начин како да ја започнете активноста е да имате двајца модератори како разговорници. Еден од вас би можел да започне со прашањето: „Слушна, Петар кажа дека е геј?” Другиот може да одговори: „Не, никогаш не би помислил, барем не изгледа геј“. На овој начин имплицирате дека разговорот е за заеднички пријател и затоа е на „локално“ ниво, а не теоретска дебата. Исто така, помага да се отвори дискусија што знаат учесниците за хомосексуалноста и нивниот став кон неа.

Се надеваме дека некој од публиката брзо ќе ве замени, со што ќе ви овозможи да ја препуштите дискусијата на учесниците. Сепак, треба да продолжите да учествувате како дел од публиката, така ќе имате можност да се вратите како разговорник. Ова ја дозволува дискретно да манипулирате со дискусијата или да отворите различни теми за дебата или тактично да отстраните учесник кој не се држи до правилата. Ако сакате, можете да воведете правило дека секое одредено гледиште може да се изнесе само еднаш.Така ќе спречите дискусијата да се фокусира само на неколку аспекти на темата, притоа ќе се обесхрабри повторувањето на популарните предрасуди.

Ако треба да ѝ понудите на групата неколку идеи за дискусија, можете да прашате:

• Дали возраста на согласност (за брак или за секс) треба да биде различна за хомосексуалците?

• Дали треба да им се дозволи на хомосексуалните парови да се венчаат и да посвојуваат деца? Зошто / Зошто не?

• Дали е вистина дека мажите кои имаат сексуални односи со мажи имаат поголема веројатност да заболат од СИДА отколку жените кои имаатсексуални односи со мажи?

Ако групата е голема, нема да имате доволно време за дискусија по сите прашања. Бидете свесни дека некој може да се чувствува разочарано или луто затоа што нивното прашање не се дискутирало. За да го надминете тоа, на крајот од сесијата може да ги залепите сите прашања на ѕидот. Ова ќе ги мотивира учесниците да ја продолжат дискусијата во свое време.

## Варијации

Овој метод може да се прилагоди на кој било вид прашање, на пример, расизам, образование или климатски промени.

## Предлози за проследување

Можеби треба да погледнете како се претставува сексуалноста, а особено хомосексуалноста во медиумите, Соберете слики од весници, списанија и од интернет и замолете ги луѓето да пишуваат натписи или говорни меурчиња.

## Повеќе информации

Човечката сексуалност е составен дел од животот и една од нашите основни потреби. Нашата сексуалност влијае на нашата личност и карактеристики - социјални, лични, емоционални, психолошки - кои се очигледни во нашите односи со другите. Нашата сексуалност е обликувана од нашиот пол и нашите полови карактеристики, а и од низа други сложени влијанија и е предмет на доживотна динамична промена.

## Сексуална разновидност и човекови права

Можеби прв поглед се чини дека на овие две прашања се неповрзани. Може да се тврди дека едниот е поврзан со приватен и индивидуален избор, другиот со јавниот домен на правни и политички структури, кои работат во врска со државјанството.
Сепак, неодамнешните историски, антрополошки и социолошки студии покажуваат како сексуалниот идентитет и начините на изразување на сексуалната желба, со текот на времето и низ културите, потенцијално го нарушуваат одржувањето на општествениот поредок. Во некои контексти, нејасната или пак сексуална желба кон истиот пол ги предизвикува или раскинува традиционалните или религиозни убедувања, а пак во други може да се смета како психолошка болест.



Несомнено е дека постои социјална и религиска хегемонија која постојано работи на маргинализирање на еднаквиот пристап до човековите права.
Институционализирана претпоставка е дека хетеросексуалноста е „природна“ и затоа „нормален“ начин на изразување на сексуалната желба и затоа е исто така морално прифатлива, додека другите форми на сексуално изразување се „неприродни“ и морално неприфатливи. Забелешка: Адаптирано од веб-страницата на Комисијата за човекови права на хомосексуалци, www.iglhrc.org





# Има ли алтернатива?

Посакувам да имав некого да зборувам за тоа.

# Има ли алтернатива?

**Посакувам да имав некого да зборувам за тоа.**

**Сложеност**

Ниво 3

**Време**

90 минути

**Големина на група**

6 – 24 (3 подрупи)

**Теми**

• Мир и насилство
• Здравје
• Деца

**Преглед**

Активност со глума што се однесува на прашања за
• Меѓучовечко насилство
• Силеџиство

**Поврзани права**

•Слобода од понижувачки третман
• Право на достоинство
• Право да бидат заштитени од сите форми на физичко или ментално насилство

**Цели**

• Да се развие знаење и разбирање за причините и последиците од насилство
• Да се развијат вештини за соочување со проблемот
• Да се создаде емпатија со жртвите на малтретирање

**Материјали**

• Копии од сцените коишто треба да се глумат (една сцена по група)
• Една копија од листот „вистински приказни“
• Простор за изведба на глумата

Мир и насилство

Здравје

Деца

Ниво 3

90 минути

6 – 24
(3 подрупи)

## Инструкции

1. Претставете ја активноста. Објаснете им дека ќе работат во мали групи со цел да направат кратки претстави на темасилеџиство.

2. Спроведете кратка сесија за споделување идеи на тема „Што е силеџиство?“ за да се уверите дека сите се согласуваат за тоа што е силеџиство, да знаат различни форми што може да ги има и дека може да се случат во кое било училиште, факултет, клуб, организација или работноместо.

3. Поделете ги учесниците во три подгрупи и доделете по една од сцените на секоја група. Дајте им 15 минути да вежбаат и да ги подготват своите изведби.

4. Откако ќе бидат подготвени, замолете ја секоја група да ја претстави својата сцена.

5. Не споделувајте коментари сè додека сите групи не ги претстават своите сцени, туку за потоа кога ќе се соберат на пленарна сесија за дискусија.

## Разговор и евалуација

Започнете со преглед на изведбите.

• Од каде добија материјал групите за да ги развиваат своите сцени? Дали материјалите се приказни или филмови околу силеџиство, или се темелат на искуство?

• Дали сцените се реалистични?

• Во сцената 1, кои работи беа посочени како конструктивни и помагаат во ситуацијата, а кои работи ја попречуваатситуацијата?

• Во однос на сцената 2, колку е лесно искрено да се зборува со пријател, кој исто така е силеџија. Општо земено, кои техники имаат тенденција да дадат позитивен ефект, а кои тактики ќе имаат негативенефект?

• Во однос на сцената 3, колку е лесно искрено да се зборува со пријател, кој исто така е мета на силеџиство. Кој е најдобриот начин да се најдат решенија што се прифатливи за жртвата?

* Сега побарајте тројца учесници да волонтираат да ги прочитаат трите „вистински приказни“. Побарајте општи коментари за случаите, а потоа продолжете да зборувате за причините за силеџиство, за тоа како може да се справиме со тоа и за вклучените права.

• Што мислите, како е чувството да ве малтретираат?

• Дали лицето кое е малтретирано е одговорно за тоа?

• Зошто силеџиите малтретираат? На пример, дали тие се обидуваат да докажат нешто со злоупотреба на другилуѓе?

• Дали силеџиството е форма насилство?

• Дали силеџиството е за моќ?

• Дали малтретирањето е неизбежно?

• Ако сте пријатели со некој кој е малтретиран, дали треба да известите службено лице иако вашиот пријател во доверба ви кажал за нивниот проблем?
• Кои се најчестите предрасуди кон луѓето кои се малтретирани?
• Кој е одговорен за контролирање на проблем со малтретирање?
• Што ќе сторевте доколку вие сте лицето кое го малтретираат?
• Што треба да се направи со силеџиите? Како може да научат да престанат со малтретирање? Треба ли да бидаткazнети?
• Кои човекови права беа загрозени во различни приказни?

## Совети за модераторот

Насилството може да биде директно или индиректно. Директно малтретирање значи однесување како навредување, задевање, туркање или влечење, удирање или напад, земање торби и друг имот и фрлање на истите наоколу, принудување некого да предаде пари или имот и напад или закана кон некого поради нивната религија, боја, попреченост или навики. Индиректно малтретирање е однесување како што е ширење гласини со намера жртвата да биде социјално изолирана.
Таквите однесувања главно се иницирани од една или повеќе лица против одредена жртва или жртви. И во директното и во индиректното малтретирање, основната компонента е физичко или психолошко заплашување што се случува систематски со текот на времето и создава постојан модел на вознемирување и злоупотреба.



Ако работите со теренска група или во клуб, факултет или работно место, може да ги прилагодите сцените за да одговараат на вашата конкретна ситуација. Бидете свесни за младите во вашата група и за какви било лични искуства со малтретирање. Составете ги групите и соодветно споделете ги сцените.

## Варијации

Наместо глума, трите групи можат да ја анализираат секоја сцена и да објаснат како ќе го решат проблемот.

Можете да одберете една сцена на која ќе се концентрирате и да им го дадете истото сценарио на сите групи. На тој начин, секоја група ќе ја презентира својата верзија на приказната со различни можни решенија и алтернативи. Предноста е во тоа што ќе се добијат повеќе информации за проблемот, со тоа и повеќе решенија.

Ако имате малку време или немате простор за глума на сценариото, можете да ги користитеж вистинските приказни за дискусија во помали групи. Побарајте од луѓето да се осврнат на ситуацијата и да предложат можни конкретни решенија и алтернативи и да размислат што би направиле ако беа личноста што е малтретирана?



## Предлози за проследување

Побарајте дали постојат локално програми што обучуваат врсници едукатори (млади волонтери) за посредување при конфликти. Побарајте говорник да дојде и зборува пред групата и размислете за можноста да се постави систем на врсници посредници во вашето школо, факултет или клуб. Ако сте заинтересирани за добри примери на едукатори-врсници тогаш погледнете го „Мировниот проект во Офенбах, Германија, пример за врсници медијатори во школите“, одделот 5.1 во Домино. Ако сакате да погледнете во мрежно малтретирање, тогаш погледнете ја активноста „Мојот живот не е претстава“ на страница 232. Исто така групата може да развие политика против силеџиство за нивното училиште или организација.

Методот опишан во активноста „Одговор на расизам“ на страница 254 за тоа како да се развие антирасистички политика е соодветен за развој на политика против силеџиство.



Во „Приказни раскажани од млади“, дел 4 од Домино, можете да ја прочитате приказната на Габор за тоа како бил малтретиран во училиште затоа што бил Евреин. Може да го користите истиот пример да започнете дискусија за антисемитизмот или да поставитепрашање:

„Што би направиле во оваа ситуација?“

## Идеи за акција

Најдете група или здружение што работи на решавање на малтретирање во вашата земја и понудете ја вашата поддршка. Ако имате особено креативна група, предложете им да смислат свои сцени и потоа да ги изведат за останатите.

Членовите на групата може да водат или организираат дебата во сопствените училишта или заедници на тема малтретирање. Создадете група за поддршка со помош на вашите пријатели во вашето училиште или заедница за да им помогнете на младите кои се малтретирани.

## Повеќе информации

Силеџиите понекогаш не разбираат колку лошо прават да се чувствува лицето. Можеби мислат дека само задеваат некого или се поигруваат со нив,

а тоа е само „добра шега“! Можеби така започнало, но во текот на неколку дена или недели, тоа започнува да го вознемирува лицето со кое се поигруваат. Понекогаш силеџиите мислат дека изборот на луѓе прави да изгледаат интересно. Може се љубоморни на некого или на тоа како некој изгледа. Може тие се навикнати да привлекуваат големо внимание и не им се допаѓа ако некој ги засени, па затоа му наштетуваат на лицето. Честопатисилеџиите немаат социјални вештини и не знаат како да бидат добар пријател. Силеџиите може да имаат проблеми дома; кога луѓето се сведоци на насилство или луѓето се непријатни еден кон друг дома, тие го реплицираат она што го гледаат. Тие се чувствуваат лошо за работите и сакаат да ги повредат другите луѓе за и тие да се чувствуваат лошо. Физичко казнување на деца може да доведе до силеџиство затоа што ги учи децата дека насилството е прифатлива и соодветна стратегија за решавање на конфликти или за да ги натера луѓето да прават што сакаат. Прочитајте за кампањата на Советот на Европа за запирање на плескање тука: www.coe.int „Укинување на физичкото казнување на децата, прашања и одговори“.

На силеџиите им треба помош, тие треба да ги разберат причините поради кои малтретираат и да научат како да го променат своето однесување, особено како да управуваат со своите чувства на начини што не им штетат на другите луѓе и како да бидат наметливи за да го постигнат она што го сакаат.

Со вклучување во практични активности каде што ќе може да најдат нови интереси што ќе ги оддалечат од силеџиството и каде што ќе можат да ги покажат своите таленти, ќе им помогне да развијат самодоверба и да се гледаат себеси како добра личност која не ги повредува другите.

За повеќе информации погледнете во: www.bullying.co.uk

www.bullying.org, www.bullyonline.org или пребарајте „Силеџиство“ во вашиот интернет-пребарувач.

## Материјали

## Сцени за глумење

| |
|---|
| ***Сцена 1***<br>Ученик се обраќа на овластените и се обидува да објасни дека еден од неговите / нејзините соученици е малтретиран. Главниот наставник е авторитарени традиционален. Тој / таа смета дека стандардите се опуштаат и има лошо мислење за општото однесување на младите во новото време. Одделенскиот наставник не сака да преземе одговорност за ситуацијата.<br>Другите наставници го потценуваат проблемот и не го препознаваат однесувањето на силеџиите за тоа што е. Претставникот на локалната власт од службата за грижа е загрижен, но има преголем обем на работа<br>за да може сега да интервенира. |
| ***Сцена 2***<br>Група ученици се обидуваат да разговараат со пријател кој малтретира<br>помлад студент. |
| ***Сцена 3***<br>Повеќе ученици се собрани и заедно зборуваат за еден пријател кого го малтретираат<br>постари ученици. Сакаат да му помогнат на својот пријател и ги анализираат сите можни<br>решенија за да му помогнат. |

## Вистински приказни

| | |
|---|---|
| **Приказна 1** | „Имам 12 години и мразам да одам на училиште затоа што никој не ме сака. Постои група деца кои ме навредуваат секогаш кога ќе ме видат. Тие велат дека сум грда и дебела и дека родителите треба да се срамат од мене. Мојата најдобра пријателка престана да зборува со мене, а сега дури и се спријатели со некои од децата во оваа група. Ја мразам. Се чувствувам толку осамено и се плашам дека е вистина она што го велат за моите родители “.<br>Росана |
| **Приказна 2** | „Оваа година започнав со часови на нов факултет и уште од првиот ден почувствував дека некои девојки ме гледаат чудно. Тогаш сфатив дека тие се љубоморни затоа што сум популарна кај момчињата. Сега наоѓам мали белешки со закани на вратата од шкафчето. Дома добивам и навредливи телефонски повици. Неколку пати ми ги украдоа книгите. Минатата седмица отидов во тоалетот, но три девојки ме следеа, тие ми викаа, ми се заканија со нож и ми рекоа дека треба да одам да учам на друго место и ме нарекоа курва. Не можам да го издржам ова повеќе. Јас сум исплашена и лута. Се обидов да разговарам со директорката, но таа навистина не го слушна мојот проблем. Не знам што да направам“.<br>Елизабета |
| **Приказна 3** | „Мојот најдобар пријател ми кажа дека другите ученици во нашето училиште го вознемируваат. Бидејќи сакав да му помогнам, решив да одам да разговарам со нив, но откако го направив ова, тие почнаа и мене да ми го прават истото. Сега и двајцата нè малтретираат: тие нè исмеваат и се заканија дека ќе нè претепаат. Обајцата решивме да молчиме затоа што се плашиме дека ако спомнеме нешто некому, работите ќе се влошат “.<br>Андреј |

Прв Скопски Извиднички Одред



# Може да влезам?

Бегалци, одете дома! Ќе одеа, да можеа.

# Може да влезам?

Бегалци, одете дома! Ќе одеа, да можеа.

**Сложеност**

Ниво 3

**Време**

60 минути

**Големина на група**

6 – 20

**Теми**

• Миграција
• Дискриминација и нетолеранција
• Мир и насилство

**Преглед**

Ова е вежба со глума за група на мигранти што се обидуваат да избегаат во друга држава. Адресирани се:
• Незгодите на мигрантите
• Социјални и економски аргументи за доделување или одбивање азил

**Поврзани права**

• Право за азил во други држави
• Право на необединување (право да не бидат вратени во нивната држава каде им се заканува прогон или смрт)
• Слобода од дискриминација

**Цели**

• Да се развие знаење и разбирање за мигрантите и нивните права
• Вежбање вештини за давање аргументи и расудување
• Да се промовира солидарност кон лица што се присилени да избегаат од својот дом.

**Материјали**

• Картички со улоги
• Хамер (по избор)
• Креда или мебел за да се направи граничен премин
• Пенкало и лист за набљудувачите да пишат забелешки

**Подготовка**

Копирајте ги картичките со улоги.
Имаме имиграциски службеник, бегалец и картичка за набљудувачот.
• Наместете ја сцената за глума. На пример, нацртајте линија на подот или наредете мебел што ќе претставува граница. Користете маса што ќе служи какоконтрола на граничен премин, доколку сакате направете ливчиња со гранични регулативи.

Миграција

Дискриминација и нетолеранција

Мир и насилство

Ниво 3

60 минути

6 - 20

## Инструкции

1. Објаснете дека ова е вежба со глума за група на мигранти што бегаат од својата татковина и сакаат да влезат во друга држава во потрага по безбедност.

2. Започнете со групно размислување за да дознаете што мислат луѓето за бегалците. Запишете главни точки на голем лист хартија или хамер за да се навратите на дискусијата подоцна.

3. Покажете им ја наместената соба и прочитајте го следново:

„Црна, ладна и мокра ноќ на границата меѓу X и Y. Голем број на мигранти пристигнаа, бегаат од војната во X. Сакаат да влезат во Y. Тие се гладни, изморени и премрзнати. Неколкумина имаат малку пари, а само мал дел имаат документи за идентификација или пасош. Граничните службеници од земјата Y имаат поделени мислења – некои сакаат да им дозволат да поминат, но некои не.

Бегалците се очајни, користат неколку аргументи за да ги убедат граничните службеници."

4. Поделете ги учесниците во еднакви групи: една група ги претставува мигрантите од државата X, втората група ги претставува граничните службеници од државата Y, третата група се набљудувачи.

5. Кажете им на „мигрантите“ и на „граничните службеници“ да одредат улога за секој човек и што ќе бидат нивните аргументи. Поделете ги картичките со улоги и дајте им 15 минути да се подготват.

6. Почнете со глумата. Искористете ја сопствената проценка за да одлучите кога да престанат, околу 15 минути се обично доволно.

7. На лицата што набљудуваа, дајте им пет минути да ги подготват нивните забелешки, потоа започнете со давање инструкции и евалуација.

## Разговор и евалуација

Побарајте од набљудувачите да дадат забелешки за глумата. Потоа побарајте коментари од играчите какво е чувството да се биде мигрант или граничен службеник, потоа преминете на општа дискусија за проблемите и што научија учесниците?

• Колку беше фер третманот конмигрантите?

• Мигрантите имаат право на заштита под одредба 14 од Универзалната декларација на човекови права и според Конвенцијата од 1951 поврзана со статусот на мигрантите. Дали на бегалците им беше дадено правото на заштита? Зошто беше или не беше?

• Дали држава треба да има право да ги одбие мигрантите? Кога? Од кои причини?

• Дали би забраниле влез ако бевтеграничен службеник? Што ако знаевте дека ги очекува смрт во нивнатадржава?

• Што треба да се направи за да се решат некои од проблемите со кои се справуваат мигрантите во твојата држава?

• Дали има внатрешно пребегани лица во вашата држава? Или во соседна држава?

• Што може и треба да се направи за да се запре појавата на мигранти воопшто?

## Совети за модераторот



Искористете го групното размислување за да сознаете колкаво познавање имаат луѓето за бегалците, што ги натерало да избегаат од своите домови, од каде доаѓаат и во кој држави одат. Ова ќе ви помогне да одлучите како да ги водите давањето инструкции и евалуацијата и кои дополнителни информации треба да ги обезбедите во тој стадиум.Размислете што да направите ако некој во групата е бегалец. Зависно од како дошле, можете да додадете на нивното искуство и да ги искористите како човечки ресурс. Но сепак, може да им биде премногу трауматично. Трите групи не мора да бидат еднакви. Можете, на пример, да одберете три или четири набљудувачи и да оставите остатокот од групата да играат активни улоги. Сцената е поставена во темна, студена и мокра ноќ. Зошто да не ги изгасите светлата и отворите прозорците додека се трае глумата? Ако е посоодветно во ситуацијата, можете да ја поставите сцената како пристигнување на група мигранти во мал брод што протекува. За да се зголеми збунетоста на бегалците, можете знаците на граничниот премин да ги направите на странски (или измислен) јазик. Запомнете да ги известите граничните службеници што пишува на знакот!

## Варијации

Глумете ја сцената по втор пат, но граничните службеници и бегалците нека си ги сменат улогите. Набљудувачите сега имаат дополнителна задача да забележат било какви разлики помеѓу првата и втората глума, особено такви што резултираат со поголема заштита на правата на бегалците.

Направете проследување на глумата со вклучување на официјални тимови испратени од УНХЦР за да помогнат на бегалците од државата X.



## Предлози за проследување

Дознајте повеќе за бегалците во вашата држава, особено за реалноста на нивниот секојдневен живот. Учесниците може да контактираат со локални асоцијации за бегалци и да интервјуираат вработени, волонтери или бегалци.Погледнете на www.newtimes.dk каде може да најдете пишани приказни (на англиски) од побарувачи на азил и бегалци во Данска. Одберете сторија и дискутирајте.

Британскиот Црвен крст има информации и активности за бегалци што се прикажани во нивниот проект –Позитивни слики: www.redcross.org.uk. Школскиот клас може да ја продолжи темата со истражување на информации за улогата на УНХЦР (http://www.unhcr.ch) а потоа да напишат „извештај“ што ги вклучува следниве точки:

• Аргументите што ги разубедија граничните службеници да ги пуштат бегалците

• Какво било несоодветно однесување од страна на граничнитеслужбеници

• Препораки што треба државата Y да ги направи за да ги заштити правата на бегалците.

Дискутирајте дали Женевската конвенција ги задоволува потребите на денешницата или ѝ треба дополнување. На пример, во многу држави, за да добијат статус на бегалци, барателите на азил мора да докажат дека се прогонувани поединечно, не е доволно да бидат член на група која е прогонувана или да доаѓаат од воена зона. Слично, бегалците од климатски промени не се вклучени во Конвенцијата. Доколку сакате да примените активност што ги следи настаните по премин на бегалците преку граница и барање на азил, можете да ја изведете активноста „Јазична бариера“ на страна 203. Можете да направите и колаж или постер за илустрација на тешкотиите на бегалците; погледнете „Игри со слики” на 247 страна.

## Идеи за акција

Остварете контакт со локална или национална организација што работи со бегалци што живеат во вашата држава и видете што можете да направите за да ги поддржите. На пример, голем дел се осамени и имаат потешкотии при интеграцијата, можеби ќе ценат нови пријателства или помош при учење на јазик. Деца што доаѓаат сами, без член на семејството да бараат азил, се особено ранливи. Групата може да дознае што се случува со децата без придружба во нивната држава и можат да ги поддржат. Потребни се идеи како развивање пријателство, помош при учење јазик и едукација, играње фудбал, излегувањезаедно.

Поканете НВО што работат со бегалци или бегалец во вашето школо или клуб за да научите повеќе за тоа како бегалците дошле во вашата држава, процесот на земање азил и нивниот живот сега.

Веб-страницата на канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР) дава многу информации, флаери и видеа за организација на работилници за бегалци во вашата организација или школо :http://www.unhcr.org.

## Повеќе информации

Бегалци се лица што мораат да се преселат за да ги спасат своите животи или да ја зачуваат својата слобода. Немаат никаква заштита од својата држава, впрочем често нивната власт е таа што им се закaнува
со гонење. Ако другите држави не им дозволат да влезат и не им помогнат откако ќе влезат, тогаш тие ги осудуваат на смрт или на неподнослив живот во сенките, без издршка и без права.

## Материјали

**Картичка со улогата на бегалец**

*Аргументи и опции на бегалецот*

Треба да ги подготвите вашите аргументи и тактики, останува на вас да одлучите дали ќе ги изнесете аргументите како група или секој член индивидуално ќе преземе одговорност да изнесе сопствени аргументи.
Можете да ги употребите овие аргументи и кои било други што ќе ви дојдат на ум:

- Наше легално право е да бараме азил.
- Нашите деца се гладни, имате морална обврска да ни помогнете.
- Ќе ме убијат ако се вратиме назад.
- Немам пари.
- Нема каде да одам.
- Јас бев доктор / медицинска сестра / инженер во мојот град.
- Барам само засолниште додека не стане безбедно да се вратам назад.
- Вашата држава ги прифати другите бегалци.
- Каде се наоѓаме? Шверцерите рекоа дека ќе нè донесат до држава Z.
- Ќе се обидам да ги подмитам надлежните за да ми дозволат да влезам.

Пред глумата, помислете на следниве опции:

- Дали ќе аплицирате за влез како група или индивидуално?
- Дали ќе се поделите доколку граничните службеници го побараат тоа од вас?
- Што ќе направите ако се обидат да ве вратат назад? Дали ќе прифатите да одите дома? Дали ќе побарате да ве пуштат да влезете само за да продолжите кон државата Z?
- Дали некој од вас има документи за патување? Дали се валидни или фалсификат?

Вие ќе одглумите мешана група на бегалци, во вашите подготовки секој треба да го одбере својот идентитет: нивната возраст, пол, фамилијарни врски, професија, богатство, религија и било какви предмети шо ги поседуваат.

**Картичка со улога на набљудувач**

Ваша улога е да ја набљудувате глумата. На крајот од глумата ќе биде побарано ваше мислење. Одберете член што ќе биде ваш претставник.

Додека гледате треба, меѓу другото, да бидете свесни за:

- Разликата меѓу улогите на бегалците и граничните службеници.
- Аргументите што ги употребуваат и како ги презентираат.
- Внимавајте за какви било нарушувања на човековите права.

Треба да одлучите како ќе правите забелешки за сè. На пример, може да се поделите во две групи така што една ќе ги набљудува граничните службеници, а другата бегалците.

**Картичка со улога на граничен службеник**

*Аргументи и опции на граничните службеници*

Треба да ги подготвите вашите аргументи и тактики. Од вас зависи дали ќе ги изнесете аргументите како група или секој член индивидуално ќе преземе одговорност за своите аргументи.

Можете да ги употребите овие аргументи и било кој други што ќе ви дојдат на ум:

- Очајни се, не можеме да ги вратиме назад.
- Ако ги вратиме назад, ќе бидеме морално одговорни ако ги уапсат, измачуваат или убијат.
- Имаме легална обврска да прифатимебегалци.
- Немаат пари, ќе им треба поддршка од државата. Нашата земја не може да си го дозволи тоа.
- Дали имаат патнички документи или начин на идентификација? Дали се веродостојни или лажни?
- Дали изгледаат како искрени бегалци? Можеби некои од нив сакаат само подобар стандард за живот?
- Нашата држава е воен и деловен партнер на државата Х. Не смеат да знаат дека ги штитиме.
- Можеби имаат вештини што нам ни се потребни?
- Има доволно бегалци во нашата држава. Треба да се грижиме за своите луѓе. Треба да одат во побогати држави.
- Може да им побараме мито за да ги пуштиме да влезат.
- Ако ги пуштиме да влезат, и други ќе побараат влез.
- Не го говорат нашиот јазик, имаат поинаква религија и јадат поинаква храна, нема да можат да се интегрираат.
- Може има терористи и воени злосторници што се кријат меѓу нив.

Пред глумата, помислете на следниве опции:

- Дали ќе ги пуштите сите бегалци преку границата?
- Дали ќе пропуштите одреден број преку границата?
- Дали ќе ги поделите според возраст, професија, богатство?
- Дали ќе постапите на поинаков начин?

Voices of Change

Прв Скопски Извиднички Одред



# Сите еднакви - сите различни

**Сите човечки суштества се универзално еднакви и специфично поразлични.**
**Универзалната еднаквост и специфичните различности мора да се почитуваат.**

# Ситееднакви - сите различни

**Сите човечки суштества се универзално еднакви и специфично поразлични. Универзалната еднаквост и специфичните различности мора да се почитуваат.**

| | |
|---|---|
| Сложеност | Ниво 2 |
| Време | 40 минути |
| Големина на група | 6 - 60 (мали групи 3-4) |
| Теми | • Дискриминација и нетолеранција<br>• Глобализација<br>• Медиуми |
| Преглед | Ова е краток квиз, доволно провокативен за да биде интересен сам по себе, но и база за ефективна групна дискусија. |
| Поврзани права | • Еднаквост во достоинство<br>• Правото на права и слободи без какво и да е разликување.<br>• Право на националност |
| Цели | • Да се прошири разбирањето за универзалноста на човековите права<br>• Да се развие вештина на критичко и независно читање на информации<br>• Да се негува сознание за етноцентризам и предрасуди во себеси другите и развивање меѓукултурни вештини на учење. |
| Материјали | • Раздавање летоци<br>•Пенкала или моливи, едно по човек<br>•Голем лист хартија (А3) или хамер и маркер |
| Подготовка | Копирање на летоци, еден по учесник.<br>Друга опција е да се напише на табла или да се користи проектор. |

Дискриминација и нетолеранција

Глобализација

Медиум

Ниво 2

40 минути

## Инструкции

1. Кажете им на учесниците дека активноста која следи е тип на квиз, но целта не е да се види кој е во право а кој не; претставува само вовед.
2. Поделете ги или направете ги видливи двата цитати. Дајте им пет минути на учесниците да ги прочитаат.
3. Потоа прашајте гииндивидуално:

А) Изворот на првиот текст; од која книга или документ е извадокот? Б) Од која држава/регион потекнува авторот на вториот текст?

4. Кога сите ќе бидат подготвени, прашајте ги учесниците да се поделат

во мали групи од по три луѓе. Дајте им 20 минути да ги дискутираат и анализираат нивните индивидуални избори.

Треба да помислат на следниве прашања и доколку успеат да дојдат до колективен одговор:

• Зошто одбраа еден одговор и зошто го претпочитаат пред останатите?

• Што кажуваат текстовите заавторите?

• Зошто авторите ги напишале овие текстови?

• Какви коментари имаат поврзано со текстовите?

5. Кога групите ќе завршат, соберете ги одговорите на прашањето а) од секоја група. Поканете ги групите да образложат кои причини

влијаеа на нивниот избор. Потоа повторете го процесот и соберете ги одговорите на прашањето

б). Запишете ги одговорите на хамер.

6. Прикажете го авторот, Саид Ал Андалуши (Од Шпанија), продолжете со давање инструкции и евалуација.

## Разговор и евалуација

Почни со краток преглед на активноста и потоа, доколку сметате дека групата е подготвена, продолжете со запознавање на поимите „предрасуда“ и „етноцентризам“.



Адресирајте ги следниве прашања (било во пленум или во помали групи по потреба):

• Дали учесниците беа изненадени одрешението?

• Кој беа првичните оригинални избори на луѓето? Дали беа засновани на погаѓање? Интуиција? Или реално знаење?

• Дали луѓето ги сменија своето мислење и одлуки по дискусијата во помали групи? Што ги натера да го сменат мислењето? Потреба да се поистоветат со групата? Добри аргументи?

• Како луѓето ги одбранија своите избори при дискусијата во помали групи? Дали се држеа до своето мислење колебливо или цврсто?

• Зошто авторот ги опиша луѓето од Запад на таков начин?

• Какви сугестии ни дава вториот текст за авторот, за неговиот изглед и неговата култура?

• До која мера гледната точка на авторот е резултат на неговите етноцентрични гледишта и предрасуди?Или пак е фер да се каже дека во тоа време културата во западна Европа била помалку „цивилизирана“ од неговатакултура?

• Дали учесниците можат да наведат примери за тоа што тие слушнале или прочитале за други луѓе што биле адресирани на сличен начин? Како би било чувството да бидеш сметан за подреден човечкитип?

• Какви последици можат да настанат доколку луѓето не се вреднувани за тоа што се? Можат ли да наведат примери од историјата? Примери од сегашноста?

• Што треба да направиме за да се спротивставиме на ефектите од предрасуди? Дали има групи на луѓе од областа на учесниците или нивната земја што се изложени на предрасуда? Кои се тие?

• Едукацијата е еден начин за спротивставување на предрасуди. Што друго може да сенаправи?

## Совети за модераторот

Извадоците се извадени од книга на познатиот мислител од Кордоба, Андалузија (во сегашна Шпанија) кој бил роден во 1029/420. Саид Ал-Андалуши бил мислител познат по неговата мудрост и знаење. За него, цивилизацијата и науката биле на исто ниво со познавање на светиот Куран. Тој не ја изучувал само религијата, исто така одлично ги познавал арапскаталитература, медицина, математика, астрономија и другинауки.



Треба да се забележи дека во тој период, Медитеранскиот залив, а особено арапските кралства околу него, го сочинувале - за авторот - центарот на „цивилизацијата“. Науката не била ни приближно напредната во „Западот“, како што Саид ја нарекувал западна Европа, како што била во арапскиот свет, Персија, Кина и Индија.

Имајте предвид дека, зависно од групата, можеби ќе треба да им дадетесовет како да ги читаат текстовите критички. Можеби ќе треба да им воочите дека вториот текстоткрива многу за авторот, неговиот изглед икултура. На пример дека сигурно имал виткана коса и темна кожа.

Под критичко читање се смета, не само разбирање на содржината на текстот, туку и размислување за контекстот, кој е авторот и зошто тој/таа пишува и што работи. Да се разбере ова е важен чекор во толкување на секакви пораки (историја, вести, поеми, текстови на песни, сл.) и помага да бидеме свесни за вредностите што ги пренесуваат.

Еден начин за запознавање на проблемот етноцентризам е да се посочи на учесниците дека Саид, со неговата темна кожа и виткана коса дава добар пример за „contratio“ – некој што поголемиот дел од Европа не би го сметал за „нормален“. Исто така е важно, низ дискусијата да им помогнете на учесниците да разберат дека културолошките разлики не ги прават луѓето „подобри“ или „полоши“ од другите. Треба да се напомене дека е тешко да не се осудуваат другите без предрасуди бидејќи ја земаме нашата културолошка перспектива како „нормална“.

Треба да го цениме нашиот личен етноцентризам што е неопходен чекор кон препознавање на етноцентризам кај останатите и со тоа да бидеме способни успешно да комуницираме со луѓе од другите култури. Оставете дополнително време на крајот од активноста за да имате флексибилност да дискутирате дополнителни проблеми и идеи што настанале. На пример, можеби ќе сакате да анализирате и дискутирате за изучување на историјата и колку многу или малку ние во Европа учиме за историјата на останатите култури.

## Предлози за проследување

Ако сакате повеќе да навлезете за универзалноста на човековите права, можете да јаискористите активноста „Глума“ на страна 94, што вклучува креативност и драма.

## Идеи за акција

Погледнете во весници и на интернет за различни верзии на тековни историски настани што се случуваат во вашата држава/општество, споредете извештаи од различни извори. Веб-страницата на Presse Europe е добро место да најдете вести објавени во различни весници во различни држави, достапно на повеќе јазици. www.presseurop.eu/en

Уште еден извор е Indymedia, колектив на независни медиумски организации и стотици новинари што нудат локални вести слободни од корпорациско влијание. Достапно е на повеќе јазици. http://www.indymedia.org/en/

**Материјали**

## Сите еднакви – сите различни, Квиз

а) Кој е изворот на следниов текст? Од која книга или текст е извадокот?

„Сите луѓе на планетата од исток до запад, од север и од југ, спаѓаат во една група; (тие) се разликуваат во три одделни карактеристики: однесување, физички изглед и јазик.”

Одберете еден од следниве одговори:

а)Декларацијата за расизам на UNESCO, 1958

б) Херодотус - „забелешки од патувања“, 198 ПНЕ

в) Вердас, Индија, околу 3.000 ПНЕ

г) Извештај на „Ситееднакви - ситеразлични”младинска кампања, Совет на Европа, 1996

д) Саид Ал-Андулаши, 1029/420

ѓ) Марко Поло на патувањата, 1300, СЕ е) Никое од наведените

б) Од која држава/регион од светот доаѓа авторот на следниот текст?

“Тие што живеат екстремно северно (во Европа) страдаат бидејќи се предалеку од сонцето. Воздухот им е ладен, а небото облачно. Како резултат, нивниот темперамент е студен и нивното однесување е грубо. Последично, нивните тела се огромни, нивната кожа е бела и косата им е падната надолу. Ја имаат загубено остринатa на разбирање и перцепцијата. Тие се надвладеани од неукост и мрзеливост и обземени со замор и глупост”.

Одберете еден од следниве одговори:

а) Кина б) Европа в) Индија г) Африка д) Персија ѓ) Ниедно од наведените

Voices of Change

Прв Скопски Извиднички Одред



# Кој сме јас?

Јас сум сите врски што ги градам со другите.
- Алберт Жакард

# Кој сме јас?

Јас сум сите врски што ги градам со другите.
- Алберт Жакард

| | |
|---|---|
| Сложеност | Ниво 2 |
| Време | 25 минути |
| Големина на група | 8+ |
| Теми | • Пол<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Религија и Вера |
| Преглед | • Оваа активност вклучува мали групи, сесија за идеи, цртање и дискусија во група за да се истражат прашањата околу идентитетот. |
| Поврзани права | • Еднаквост во достоинство и права<br>• Слобода од дискриминација<br>• Право на живот, слобода и лична безбедност |
| Цели | • Да се зголеми разбирањето на концептот на идентитет и да се прошири самосвеста<br>• Да се развијат комуникациски вештини<br>• Да се промовира солидарност и почит |
| Материјали | • Пенкалаимаркериворазличнибои, адоколкуе можно по една боја за секој учесник<br>• Доволно хартија за да има по еден лист по лице<br>• Флипчарт хартија и маркери |

Дискриминација и нетолеранција

Пол

Религија и Вера

Ниво 2

25 минути

8+

## Инструкции

1. За загревање, замолете ги луѓето да направат парови за мали групи. Замолете ги да се преправаат дека се непознати и да се претстават едни на други.

2. Следно, замолете ги учесниците да размислат што е интересно или важно да дознаат за некој од прва средба, а потоа да размислат за општите категории информации. На пример, име, возраст, пол, националност, семејна улога, религија, возраст, род, етничка припадност, работа / студија, вкус за музика, хоби, спорт, општи допаѓања и одбивности и многу повеќе.

3. Сега објасни дека учесниците ќе дознаат колку заедничко има секој од нив со другите во групата. Поделете ги хартијата и пенкалата и објаснете им дека првиот чекор е секој од нив да нацрта претстава за својот идентитет. Тие треба да мислат за себе како ѕвезди; аспекти на нивниот идентитет зрачат во нивното општество. Замолете ги да размислат за осум до десет најважни аспекти на нивниот идентитет и да ја нацртаат својата лична ѕвезда.

4. Кажете им на да одат наоколу и да ги споредуваат своите ѕвезди. Кога ќе најдат некој друг со кого делат зрак, треба да го напишат името на таа личност во близина на зракот. (На пример, ако и Јан и Петар имаат зрак „рапер“, треба да си ги напишат имињата до тој зрак). Овозможете 15 минути за оваа активност.

5. Сега вратете се на пленарна седница и замолете ги луѓето да зборуваат за тоа колку секој од нив бил индивидуален. Може да прашате:

- Кои аспекти на идентитетот ги имаат луѓето заеднички и кои се единствени?
- Колку се слични, а колку се различни луѓето во групата? Дали луѓето имаат повеќе заеднички работи едни со други, отколку што имаат разлики?

6. Конечно, направете групна сесија за идеи за аспектите на идентитетот што луѓето можат да ги избираат, а со кои се родени. Напишете ги во две колони на флипчартот.

## Разговор и евалуација

Сега продолжете да разговарате за тоа што луѓето откриле за себе и едни за други и за импликациите врз човековите права.

- Што научија луѓето за себе? Дали беше тешко да се одлучи кои се десетте најзначајни аспекти на нивниот идентитет?
- Дали луѓето беа изненадени од резултатите од споредувањето на ѕвездите? Дали имаа повеќе или помалку заедничко отколку што очекуваа?
- Како се чувствуваа луѓето за диверзитетот во групата? Дали сметаа дека тоа ја прави групата поинтересна или дека е потешко да се работи заедно?
- Дали имаше некои аспекти од идентитетот на другите луѓе за кој учесниците се чувствуваа доволно силно за да реагираат и да речат: „Јас не сум“. ?

На пример, јас не сум фан на фудбалот, не сум љубител на техно музика, не сакам на кучиња, не сум хомосексуалец или не сум христијанин.

- Како се развива идентитетот? Кои аспекти се социјални конструкции, а кои се својствени и фиксни?
- Кога се работи во врска со родовите прашања, кои аспекти се социјални конструкции, а кои се својствени и фиксни?
- Дали учесниците напишаа „жена“ или „маж“? Што асоцираат учесниците со зборовите „жена“ и „маж“? Дали здруженијата се исти за двата пола и за сите мажи и за сите жени?
- Колку луѓето се ценети според нивниот индивидуален идентитет и колку според групата во која припаѓаат?
- До кој степен луѓето се слободни да изберат сопствен идентитет? Кои се импликациите врз нив и нивното општество, а особено врз човековите права на еднаквост и почит?

## Совети за модераторот

Името на оваа активност не е грешка! Таа е наменета да ги збуни учесниците. Ако имате желба за музика додека ја играте оваа игра, можете да ја користите песната на Франк Запа, „Вие сте тоа што сте (You are what you is) “
При загревањето може сакате да им дадете совет на учесниците со цел да размислуваат на вистинскиот правец. Вие може да се наведете како пример за употреба на замислена личност како во примерот.

Целта да се даде различна боја на секој учесник е да им се овозможи на учесниците идеја дека секој е уникатен и дека групата е составена од виножито од идентитети. Ако имате голема група и два или повеќе учесника треба да споделуваат пенкало со иста боја, замолете ги да користат различни стилови на пишување.



Ако сакате, можете да ја направите активноста малку пософистицирана сугерирајќи им на луѓето своите лични ѕвезди да ги цртаат со подолги или пократки зраци во зависност од тоа колку се аспектот за кој сметаат е дел од нивниот идентитет е јавен или приватен. Подолгите зраци продираат подлабоко во општеството и затоа се појавни.

Дискусијата за тоа како се развива идентитетот и кои аспекти на идентитетот се социјални конструкции, а кои се својствени и фиксни, ќе биде контроверзна, особено оние што се однесуваат на религијата и полот. Корисно е да ги замолите учесниците да размислат за сопствениот процес на растење и како се менувале одредени аспекти на нивниот идентитет со текот на годините, можеби дури и оние аспекти на нивниот идентитет за кои сметаат дека се фиксни.

Можеби ќе сакате да извлечете некои заклучоци од дискусиите, на пример, дека сите ние сме човечки суштества кои имаат права што не можат да бидат подарени или одземени без оглед на расата, бојата, имотот, раѓањето или другиот статус.

## Варијации

На точка 3 од упатствата, замолете ги учесниците да нацртаат автопортрет или да залепат фотографија од себе како дете во центарот на нивната ѕвезда.
Ако имињата се изоставени од ѕвездите, тогаш учесниците можат да се обидат да претпостават кои ѕвезди на кого припаѓаат.

## Предлози за проследување

Направете ја оваа вежба со вашите пријатели, колеги и семејство.

Оваа активност може да послужи како вовед во многу други дискусии, на пример, прашања поврзани со универзалноста на човековите права, дискриминацијата и ксенофобијата, правата на децата и државјанството.
Ако групата сака да се воведе во идентитетските и родовите прашања, би им се допаднала активноста „Хероини и херои“, на страница 186.
Ако сакате да преминете од дискусија за идентитет, на дискусија за правата на една личност за еднаквост во достоинството и општо за човековите права, тогаш предлог е да ја изиграте „Играта нацртај го зборот“ на страница 156.
Ако групата е мултикултурна, и сакате да ја охрабрите љубопитноста на учесниците за нивните различни култури, тогаш добра активност за проследување е „Мојата приказна“ во образовниот пакет „Сите различни - сите еднакви“



Voices of Change

Прв Скопски Извиднички Одред



# Насилство во мојот живот

Следете ги трите П: Почит кон себе, почит кон другиот и покор кон твоите постапки.
-Далај Лама

# Насилство во мојот живот

Следете ги трите П: Почит кон себе, почит кон другиот и покор кон твоите постапки.
-Далај Лама

| | |
|---|---|
| Сложеност | Ниво 3 |
| Време | 90 минути |
| Големина на група | Сите |
| Теми | • Мир и насилство<br>• Војнаитероризам<br>• Здравје |
| Преглед | Ова е активност во која луѓето ги истражуваат своите искуства со меѓучовечко насилство. |
| Поврзани права | • Право на живот, слобода и лична безбедност<br>• Слобода на мисла, совест и религија<br>• Слобода од тортура и понижувачко постапување |
| Цели | •Да се развие знаење и разбирање за тоа што се предмет на насилство и причина за насилство<br>• Да се поттикне развојот на вештини за справување со насилството на позитивни начини<br>• Да се развијат вредности на толеранција и одговорност. |

Мир и насилство

Здравје

Војна и тероризам

Ниво 3

90 минути

Сите

## Инструкции

1. Објаснете дека ова е можност учесниците да споделат мисли и чувства за лични искуства на меѓучовечко насилство, и кога луѓето биле насилни кон нив и кога биле насилни кон другите.
2. Уверете се дека сите ги знаат и разбираат правилата за партиципативна групна работа: дека со сите треба да се постапува со почит, дека она што некој ќе каже е доверливо и никој не треба да се чувствува под притисок да каже нешто што ги прави да се чувствуваат неудобно.
3. Спроведете кратка сесија на идеи за зборот „насилство“, барајќи од учесниците да дадат примери на секојдневно насилство, на пример, вербално злоставување, навреди, сарказам, туркање преку ред, влетување, плескање дете или удирање/ве удрат, заплашување од банди, кражба, ситни кражби или џепарење, вандализам и сл.
4. Замолете ги сите да одвојат пет минути за да размислат за лични инциденти кога:
   а. Некој постапил насилно кон нив
   б. Кога тие се однесувале насилно кон некој друг
   в. Кога виделе дека некој друг е насилен, но не интервенирале.
5. Побарајте волонтери да ги понудат своите искуства како примери за групата заедно да ги разгледа . Дозволете да кажат што се случило и како се чувствуваат во врска со тоа. Обидете се да добиете по два примери во секоја категорија а, б и в.
6. Направете кратки белешки за инцидентите на флип-чарртот.

## Разговор и евалуација

Започнете со кратка дискусија за активноста како целина и дали тоа било тешко или не, и зошто. Потоа продолжете да ги анализирате причините и ефектите од различните инциденти.

• Зошто се случи насилната ситуација?

• Зошто се однесувавте како што се однесувавте?

• Како би се однесувале другите членови на групата во слични околности?

• Како би можеле да се однесувате поинаку? Дали остатокот од групата има предлози?

• Што можеше некој да стори за да не се случи инцидентот?

## Совети за модераторот

Нагласете дека целта на оваа активност е да развие вештини за справување со насилството, со препознавање на причините, признавање на чувствата и емоциите и развој на вештини за наметливо дејствување со цел да се контролира ситуацијата.
Фокусот е насочен кон наоѓање на ненасилни средства за одговор на насилни ситуации, а не на помагање на поединци да преживеат траума. Ако некој страда како резултат на насилство, тогаш кажете му дека е добредојден да разговара со вас насамо по активноста, кога ќе можете да му помогнете да најде професионален советник.

Бидете подготвени за изненадувања и да го поддржувате секој што смета дека оваа активност е тешка или вознемирувачка. Не можете да ја знаете потеклото на сите, ниту што се случува или што се случило во нивните семејства. Можеби некои учесници имале лошо искуство со насилство, на пример злоупотреба на деца, семејно насилство, психолошко или емоционално малтретирање, малтретирање преку интернет, сексуално злоставување, расизам, малтретирање на училиште или на работа, бес на патот, самоповредување, обид за самоубиство, злосторства од омраза, тероризам, геноцид, војна, воени злосторства и насилно злосторство.

Кажете им на луѓето да го запомнат членот 1 од Универзалната декларација за човекови права: „Сите човечки суштества се родени слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се надарени со разум и совест и треба да дејствуваат едни кон други во духот на братството “. Ако очекуваме другите да го следат овој член, тогаш и ние мора да го следиме.

Ако имате повеќе од десет лица во групата, би можеле да ги поделите во мали групи за да ги споделат своите приказни.

## Варијации

Ова е добра драмска активност. Побарајте две, три или четири лица да развијат кратка претстава за инцидент. Остатокот од групата нека биде публика.
Потоа можете да ја запрете глумата на неколку интервали и да ја замолите публиката да коментира или да дава предлози за тоа како треба да се одвива сцената. Алтернативно, членовите на публиката можат директно да интервенираат за да ги преземат актерите и да развијат алтернативни резултати. Следниот чекор треба да биде трансформација на застапеноста во позитивна, ненасилна слика за ситуацијата.

## Предлози запроследување

Можеби би сакале да разговарате за контрадикторноста во Декларацијата на ООН за принципите на толеранција што покренува прашања во врска со границите на толеранцијата. „Толеранцијата е во согласност со почитувањето на човековите права; практиката на толеранција не значи толеранција на социјална неправда или напуштање или ослабување на своите убедувања. Тоа значи дека некој може слободно да се придржува до сопствените убедувања и прифаќа дека другите се придржуваат до нивните“. Замолете ја групата да размисли дали, ако „практиката на толеранција не значи толеранција на социјална неправда“, тогаш како може истовремено „да прифати дека другите се придржуваат до нивните убедувања“, особено ако тие убедувања се расистички или фанатични?

Дознајте кои организации обезбедуваат поддршка за жртвите на насилство, на пример, телефонски линии за помош или мрежи за поддршка на жртвите. Дознајте за други организации кои промовираат разбирање и толеранција во заедницата.

## Идеи за акција

Контактирајте организација што работи на промовирање мир и ненасилство во заедницата и откријте како можете да помогнете како волонтери.

## Повеќе информации

Светската здравствена организација (СЗО) во својот прв Светски извештај за насилство и здравје (2002) го дефинираше насилството како „намерна употреба на физичка сила или моќ, заканета или реална, против себе, друго лице или против група или заедница, која или резултира или има голема веројатност да резултира со повреда, смрт, психолошка штета, неразвиеност или лишување ”.

## Декларација за принципи на ООН

Член 1 - Значење на толеранција

1.1 Толеранцијата е почитување, прифаќање и ценење на богатата разновидност на културите во нашиот свет, нашите форми на изразување и начините да се биде човек. Поттикнато е од знаење, отвореност, комуникација и слобода на мислата, совеста и верувањето. Толеранцијата е хармонија во разликата. Тоа не е само морална должност, туку е и политичко и правно барање. Толеранцијата, доблеста што го прави мирот возможен, придонесува за замена на културата на војување со култура на мир.

1.2 Толеранцијата не е отстапка, попустливост или попуштање. Толеранцијата е, пред сѐ, активен став поттикнат од признавање на универзалните човекови права и основните слободи на другите. Во никој случај не може да се искористи за да се оправда нарушувањето на овие основни вредности. Толеранцијата треба да ја спроведуваат поединци, групи и држави.

1.3 Толеранцијата е одговорност што ги поддржува човековите права, плурализмот (вклучително и културниот плурализам), демократијата и владеењето на правото. Тоа вклучува отфрлање на догматизмот и апсолутизмот и ги афирмира стандардите утврдени во меѓународните инструменти за човекови права.

1.4 Во согласност со почитувањето на човековите права, практиката на толеранција не значи толеранција на социјалната неправда или напуштање или ослабување на нечии убедувања. Тоа значи дека некој може слободно да се придржува до сопствените убедувања и прифаќа дека другите се придржуваат до нивните. Тоа значи прифаќање на фактот дека човечките суштества, природно различни по својот изглед, ситуација, говор, однесување и вредности, имаат право да живеат во мир и да бидат такви какви што се. Тоа исто така значи дека не треба да се наметнуваат ставовите на другите. Меѓународниот ден на ненасилството на Обединетите нации (ООН) е глобално одбележување што промовира ненасилство преку едукација и јавна свест. Се одржува годишно на 2 октомври, за да се совпадне со роденденот на познатиот индиски лидер Махатма Ганди

Voices of Change

Прв Скопски Извиднички Одред



# Види ја способноста!

Погледнете ја способноста - не невозможноста!

# Види ја способноста!

Погледнете ја способноста - не невозможноста!

| | |
|---|---|
| Сложеност | Ниво 2 |
| Време | 120 минути |
| Големина на група | 6 – 36 |
| Теми | • Инвалидитет и инвалидизам<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Деца |
| Преглед | Практична активност за поттикнување на емпатија со лица со попреченост.<br>Меѓу прашањата што се разгледуваат се:<br>• Препреките со кои се соочуваат хендикепираните лица при интеграција во општеството<br>• Перцепции на правата на инвалидите како основни човекови права |
| Поврзани права | • Право да не бидат дискриминирани<br>• Еднаквост во достоинство и права<br>• Право на социјално осигурување |
| Цели | • Да се подигне свеста за некои секојдневни проблеми со кои се соочуваат луѓето со инвалидитет<br>• Да се развијат вештини за да се одговори на потребите на лицата со посебни потреби<br>• Да се унапредат емпатијата, правдата и солидарноста |
| Материјали | **За воведот:**<br>• По еден лист хартија и пенкало по учесник<br>**За дел 2, по пар:**<br>• Пластична кеса што содржи лист од зелка или зелена салата, молив, стапче креда, лист (од кое било дрво), обоен лист хартија и шише или конзерва од кој било безалкохолен пијалак |

Инвалидитет
и инвалидизам

Деца

Дискриминација и
нетолеранција

Ниво 2

120 минути

6 – 36

Превез за очи
• Лист хартија и пенкало

**За дел 3, по пар:**
• Картичка за улога
• Еден лист хартија и пенкало

**За дел 4:**
• Инвалидски колички, по една за секои осум лица
• Простор за патека со препреки (полигон). (Втората соба е пожелна, но не и апсолутно неопходна.) Алтернативно, пристапот до надвор ќе претставува друга опција)
• Пречки, на пример, маси и столови, штици од дрво,купишта од стари весници и сл.
• Еден голем лист хартија или табла и маркери
• Часовник или бројач

Подготовка

• Направете ги картичките со улоги или изберете една од ситуациите предложени со активноста, или пак развијте своја.
• Ако е можно, обезбедете втора просторија што можете даја подготвите однапред за трката со пречки, или уште подобро, излезете на отворено, каде што ќе можете да ја направите патеката за препреки преку попредизвикувачки терен.
• Ако го поставите полигонот во затворен простор, тогаш користете маси и столови за да направите тесни премини и штици од дрво или стари весници на подот за да го замените природно тешкиот терен.

## Инструкции

Оваа активност е организирана во четири дела: дел 1, вовед, дел 2, прошетка со врзани очи, дел 3, давање знакови и дел 4, трка со инвалидска количка.

### Дел 1. Вовед (10 минути)

1. Објаснете дека активноста се фокусира на три посебни попречености: слепило, глувост и немост и парализа.
2. Замолете ги учесниците да размислат неколку минути за тоа како би сакале - и како не би сакале - да ги третираат доколку би биле инвалиди. Нека запишат неколку клучни зборови.
3. Сега замолете ги учесниците да напишат од што најмногу би се плашеле, доколку би биле инвалиди.
4. Кога ќе завршат, замолете ги учесниците да ги предадат своите трудови и да се подготват да „стапат во реалност“.

## Дел 2. Одење со врзани очи

1. Замолете ги учесниците да се поделат во парови. Поделете ги превезите за очите. Едно лице од секој пар треба да биде лице со посебни потреби, а другото е нивни водич. Одговорност на водичот е да ја обезбеди безбедноста на нивниот партнер во секое време. Тие можат само да одговорат на едноставни прашања поврзани со безбедноста со одговор „да“ или „не“.
2. Побарајте од водичите да ги водат своите партнери на 5-минутна прошетка која вклучува и горе или долу по скалите или ако е можно, надвор.
3. Кога ќе се вратат во собата, оставете ги водичите да ги водат своите партнери кон нивните столови. Но, на столот има изненадување! Торба! Што има во неа?
4. Слепите играчи треба да ја идентификуваат содржината. Водачите треба да ги запишат нивните претпоставки.
5. Потоа, оставете ги „слепите“ учесници да го тргнат превезот од очите и да ги видат предметите. Поканете ги партнерите накратко да ги разгледаат своите искуства и изненадувања еден со друг.
6. Дајте им на луѓето неколку минути да излезат од своите улогии потоа преминете на дел 3.

## Дел 3. Давање знакови

1. Кажете им на паровите дека треба да ги ротираат улогите; водичите овој пат треба да бидат инвалидите, односно луѓе кои се неми (не можат да зборуваат), а партнерите се способни помагачи.
2. Поделете една од картичките за ситуации на секој играч со посебни потреби. Тие не смеат да им ги покажуваат картичките на своите партнери. Дајте парче хартија и пенкало на помагачите.
3. Објаснете дека немите играчи треба да му го пренесат својот проблем на својот помошник. Не смеат да зборуваат, пишуваат или цртаат. Помошниците треба да запишат што разбираат од пораката.
4. Кога „немиот“ играч комуницирал сѐ што може, тој / таа треба да му ја открие картичката за улогата на нивниот помошник. Замолете ги паровите накратко да ги разгледаат нивните намери, проблеми и фрустрации.

## Дел 4. Трка со пречки во инвалидска количка

1. Покажете им ја патеката со препреки на учесниците. Објаснете дека победник е лицето кое ќе ја помине патеката во најбрзо време. Има казни за удар во препреките на патот.
2. Резултатите запишете ги на големото парче хартија.
3. Кога ќе завршат сите кои изразиле желба да се обидат да ја минат патеката, направете кратка пауза и направете краток разговор и евалуација.

## Разговор и евалуација

Разговарајте на пленарна седница. Започнете со преглед на деловите 2, 3 и 4 од активноста, а потоа продолжете да размислувате за тоа што луѓето знаеја на почетокот и за она што го научија како резултат на нивните искуства.

1. Започнете со прошетката со врзани очи: Побарајте и од оние кои имаа врзани очи и од оние кои беа помагачи да ги споделат своите реакции:

- Како се чувствуваа за време на вежбата?
- Што беше најтешко? Што беше смешно? Што беше страшно?
- Колку беше тешко да се верува и да се биде доверлив?

2. Потоа продолжете да разгледувате дел 2, давање знаци:
   - Како се чувствуваа двајцата за време на вежбата?
   - Што беше најтешко? Што беше смешно? Што беше страшно?
   - Дали беше фрустрирачки да даваш знаци, а да не те разбираат?
   - Дали беше фрустрирачко или засрамувачко да не разбираш?
3. Следно разгледајте ја трката со пречки во инвалидска количка:
   - Како се чувствуваа учесниците кои не беа толку подвижни?
   - Што беше најтешко? Што беше смешно? Што беше страшно?
4. Сега прегледајте ги стравовите и очекувањата што луѓето ги изразија на почетокот на вежбата. Замолете ги учесниците да ги погледнат клучните зборови што ги запишале.
   - Дали некои од нивните стравови беа потврдени за време на активноста?
   - Како се обидоа учесниците да му помогнат на својот партнер?
   - Како беше помошта примена?
   - Колку е лесно да се процени колку помош да се понуди?

5. Од што се плашеа луѓето кога беа инвалиди? На што се основа тој страв?
Дали се плашеле учесниците некогаш дека ќе останат инвалиди како резултат на несреќа или болест?

6. Што беше најизненадувачкото нешто што луѓето го научија преку активноста?

7. Дали луѓето познаваат некој што е слеп или нем или е во инвалидска количка?
Каков е нивниот социјален живот? Како реагираат другите луѓе кон нив?

8. Погледнете ја околината во зградите и на улиците во близина, колку тие се „пријателски кон инвалидитетот“?

9. Што може и треба да се стори за да се обезбеди еднаквост и достоинство на лицата со попреченост?

10. Дали правата за попреченост се и човечки права?
Кои права во Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) се особено поврзани?

11. Што можат вашето училиште, здружение или локална младинска група да направат за да ја промовираат еднаквоста и достоинството на лицата со попреченост?

### Совети за модераторот

Не правете ја предолга патеката со пречки за дел 4. Доволни се 2-3 минути, особено ако имате само две или три инвалидски колички, бидејќи луѓето ќе мора да чекаат и може да им досади. Може да се обидете да позајмите инвалидска количка од локална болница или организација што обезбедува поддршка за луѓе кои привремено имаат потреба од инвалидски колички. Алтернативно, ќе мора да импровизирате за да им дадете физички пречки на учесниците. На пример, со тоа што луѓето ќе носат огромни гумени чизми на погрешни нозе! Како ќе ја извршите оваа активност, ќе зависи најмногу од групата. Уверете се дека сите разбираат дека ќе поминат низ различни „симулации на реалноста“ за време на кои ќе имаат можност да експериментираат со своите чувства и реакции на тоа како е да се лица со посебни потреби. Објаснете дека целта не е да се потсмевате на некого или да предизвикате непотребен стрес или срам. Тие треба да се однесуваат „природно“ и да не претеруваат со работите. Уверете ги луѓето дека во одредени моменти може да се чувствуваат непријатно и несигурно, но дека нема да им се случи ништо штетно и опасно.

Ако немате време да ги направите сите „симулации на реалноста“, тогаш направете една или две. Искуството со врзани очи е можеби најтешко и најтрогателното од искуствата претставени во оваа активност. Затоа, ако треба да изберете еден дел, се препорачува да го изберете овој. Дозволете учесниците да ротираат со улоги така што и двајцата да искусат попреченост. Запомнете, во тој случај да создадете втор пакет на објекти за идентификување.

Оваа активност е сериозна, но треба да очекувате многу смешни ситуации. Дозволете го тоа. Чувствувајте се принудени да интервенирате или да коментирате само доколку луѓето прават нешто небезбедно или коментираат со потсмев кон лицата со попреченост. Може сакате да го решите ова во евалуацијата и разговорот со прашањата: кога луѓето ги исмеваат лицата со попреченост? Кој го прави ова и зошто? Кога е во ред луѓето да се шегуваат на инвалидитетот на луѓето? Како се пресметува границата помеѓу добриот хумор и навредата?

## Варијации

Може да симулирате многу други видови на попреченост, како и помалку видливи типови, како што се потешкотии во учењето или јазични потешкотии, водејќи се според што е најблиску до реалноста на вашата група. Една од можностите е да се симулираат ситуации на попреченост поради возраста; ова може да придонесе за подигнување на свеста на младите кон постарите луѓе и (недостаток на) услови за достоинствен живот.

## Предлози за проследување



Ако работите со деца, можеби ќе сакате да го погледнете членот 23 од КПД (Конвенцијата за правата на детето), кој вели дека децата со посебни потреби имаат право на посебна грижа, образование и обука што ќе им помогне да уживаат полн и пристоен живот. Можете да побарате од групите да дознаат за луѓето во нивното социјално опкружување (вклучително и семејството) кои страдаат од некаква попреченост. Тие би можеле да истражат до кои услуги и одредби имаат пристап тие луѓе Дали има деца со попреченост во младинската група или здружение или во училиштето? Дали можат да работат како и сите други? Ако не, зошто не?

Доколку групата сака да глуми, можеби ќе сака да ја користи активноста „Сакам да работам“, за да истражи прашања во врска со препреките со кои се соочуваат лицата со попреченост за да добијат работа.

## Идеи за акција

Групата може ќе посака да идентификува ранлива група и да одлучи што може / треба да стори за да ги поддржи. Консултирајте се со делот од прирачникот за „Преземање акција“ за насоки и идеи. Важно е да се работи заедно со организации кои работат со лица со посебни потреби и да се започне од потребите на лица со посебни потреби, како што се дефинирани и идентификувани од самите лица со посебни потреби.

## Повеќе информации

Нивото на грижа и заштита на правата на лицата со посебни потреби варира во голема мера од земја до земја, наводно од економски причини, но во реалноста од причини што се поврзани со сериозно сфаќање на еднаквоста и социјалната солидарност отколку со што било друго. Ситуацијата е различна од земја до земја . На пример, слушните помагала може да бидат платени од социјалното осигурување или не.

Може да има и да нема посебни одредби за дополнителна телекомуникациска опрема за глуви лица или пак ако некој има потреба од електрична инвалидска количка, тогаш понекогаш заедницата или државата плаќа за тоа.

Информации за дискриминација на лица со попреченост може да се најдат во основната информација за инвалидитет и инвалидизам.

**Материјали**

**Картичка со улоги**

**Ситуација 1.**
Без зборови, обидете се да му објасните на вашиот пријател дека сте биле жртва на насилство. Група млади деликвенти ве нападнаа во паркот, ви ја украдоа торбата и ве претепаа. Прашајте каде е полициската станица.

Не можете да зборувате, ниту да пишувате зборови или да цртате на хартија.

**Ситуација 2.**
Вие сте во кафетерија; или таа во училиштето или можеби во кафетерија на еден од Европските младински центри. Објаснете му на готвачот дека не смеете да јадете Шпагети Болоњезе затоа што сте веган: не само што не јадете месо, туку сте вегетаријанец кој не јаде ниту млечни производи (т.е. без млеко, јајца или сирење).

Не можете да зборувате, ниту да пишувате зборови или да цртате на хартија.

*Оваа активност е предложена од д-р Моника Мадаи, претседател на Организацијата на заедничката судбина (Közös Sors, унгарска невладина организација што работи на промовирање на социјална интеграција на инвалидни и неинвалидни лица). Таа е исто така меѓународен тренер за млади и загрижено лице, а е инвалид од раѓање.*

Voices of Change

Прв Скопски Извиднички Одред



# Игра - „Нацртај го зборот“

И оние што не се уметници имаат права!

# Игра - „Нацртај го зборот“

И оние што не се уметници имаат права!

**Сложеност**

Ниво 1

**Време**

45 минути

**Големина на група**

9+ (мали груи 4-5)

**Теми**

• Општи човекови права

**Преглед**

Ова е тимска игра во која луѓето треба да применат креативно цртање за да прикажат збор поврзан со човековите права.

**Поврзани права**

• Слобода на мислење и изразување
• Слобода на мислење
• Еднаквост во достоинство и права

**Цели**

• Да се развијат знаењата за УДЧП.
• Да се развијат вештини на комуникација и креативно размислување.
• Да се промовираат солидарност и почит кон различностите.

**Материјали**

• Список на ѕид која ги подредува одредбите на УДЧП
• Голем лист хартија или хамер и маркер за да се внесат поени.
• Листови хартија (А4 формат) и пенкала за групните цртежи, еден лист за тим за рунда од играта
• Селотејп или игличка за да се поставатцртежите

**Подготовка**

• Побарајтејаскратенатаверзија одУДЧПна http://www.eycb.coe.int/compass - страна 600 и копирајте ја на голем лист хартија
• Направете список за проверка на правата засебеси

Мир и насилство

Ниво 1

45 минути

9+ (мали груи 4-5)

## Инструкции

1. Побарајте од учесниците да се поделат во мали групи од четири до пет луѓе и да одберат име за нивната група/тим.

2. Објаснете дека при активноста ќе се натпреваруваат во тимови. Ќе дадете на еден член од секој тим една одредба од УДЧП да ја нацртаат. Останатите во тимот треба да погодат за кое право се работи. Тимот што ќе погоди прв, добива поен. Тимот со најмногу поени на крај победува.

3. Кажете им на тимовите да земат неколку листови хартија и пенкало и да најдат каде ќе седнат во просторијата. Тимовите треба да се на растојание за да не се слушаат меѓу себе.

4. Повикај еден член на секој тим. Дајте им едно право од списокот, на пример, „Право да не биде измачуван“.

5. Кажете им да се вратат во групата и да нацртаат нешто што ќе го претставува правото додека членовите на нивниот тим пробуваат да го погодат. Смеат да цртаат само слики, броеви и зборови не смеат да се користат. Зборување не е дозволено, освен да се потврди вистинскиот одговор.

6. Останатите членови на тимот треба само да погодуваат, не смеат да прашуваат.

7. По секоја рунда, побарајте од сите цртачи да напишат кое право беше нивната слика, дали го довршиле или не и да го остават листот на една страна.

8. Направете втора рунда, повикајте нови луѓе да бидат цртачи и доделете им друго право. Направете 7 или 8 рунди. Различен учесник треба да црта секоја рунда. Уверете се дека секој има можност да црта барем еднаш.

9. На крај, побарајте од групите да ги закачат своите слики така што различни интерпретации од различни права можат да бидат споредени идискутирани.

## Разговор и евалуација

Започнете со преглед на активноста и продолжете со разговор за тоа што луѓето знаат за човекови права.

• Дали беше потешко или полесно да се прикажат човековите права од очекуваното?

• Како луѓето одбраа како ќе прикажат одредено право? Од каде ги добија идеите за сликите?

• Ако нацртаа прекршувања за да го прикажат правото, дали тие прекршувања се случиле во нивната држава?

• Како различните слики за едно право се споредуваат? Колку различни начини постојат за да се прикаже и протолкува ист концепт?

• Откако сите слики се прегледани, прашајте колку многу или малку учесниците откриле дека знаат за човековите права.

## Совети за модераторот

Пред да ја изведете оваа активност, прочитајте ја УДЧП (види на http://www.eycb.coe.int/compass - страна 601) и запознајте се со тоа што се мисли под човекови права. На пример, дека се интернационално гарантирани, легално заштитени, се фокусираат на достоинството на човекот, заштитуваат индивидуалци и групи, не можат да бидат одземени, тие се еднакви, меѓусебно поврзани и се универзални.

Треба да одлучите како ќе го користите хамерот на ѕидот. Ако учесниците имаат многу мало познавање за УДЧП, можете да ја употребите листата пред да почнете со активноста, така што учесниците ќе имаат некакво познавање од тоа што ќе треба да го погодуваат! Ако учесниците имаат поголемо познавање, искористете го хамерот на крај за да стимулирате дискусија за правата што не се нацртани.



Знајте дека луѓето што се сметаат за лоши во цртање, ќе им биде потешко да учествуваат. Уверете ги дека не барате уметничко дело и охрабрете ги сите да учествуваат. Може да се изненадат!
Неколку предлози се: право на живот, слобода од измачување, право на фер судење, слобода од дискриминација, право на приватност, право на образование, слобода од ропство, слобода на здружување, слобода на изразување, право на националност, слобода на мисла и религија, право на глас, право на работа, право на здравје, право на поседување имот, право на брак и основање на семејство и право на избор на партнер.

## Варијации

Ако имате мала група со помалку од 8 учесници, играјте како една група. Побарајте една личност да црта во првата рунда, а кој ќе погоди, ќе црта во следната, итн.
Наместо цртање, може да ја изведете вежбата со мимика на одбраното право.

**СИТЕ ЕДНАКВИ**
**СИТЕ РАЗЛИЧНИ**

Прв Скопски
Извиднички Одред

**Поддржано од:**

Co-funded by
the European Union